Друштво за образование на деца и возрасни
АРС СТУДИО Тамара ДООЕЛ
Бр. 03-301/1
12.2 2021 год.
Скопје

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP
Бр. № 10-2638/1
12.02 2021 год.

# ДОГОВОР
# ЗА УСЛУГИ ЗА ПРЕВЕДУВАЊЕ, ЛЕКТУРА, СТРУЧНА РЕДАКЦИЈА, ГРАФИЧКО, ТЕХНИЧКО УРЕДУВАЊЕ, ПЕЧАТЕЊЕ И ДИСТРИБУЦИЈА НА УЧЕБНИЦИ ЗА ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

## ЗА ДЕЛ 2

**за превод од македонски јазик на турски јазик на учебниците за основно и средно образование со лектура, стручна редакција, графичко и техничко уредување**

1. **Министерство за образование и наука,** со седиште на ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, 1000 Скопје, преставувано од министерката за образование и наука **Мила Царовска**, од една страна како корисник на услуги и
2. **Друштво за образование на деца и возрасни АРС СТУДИО Тамара ДООЕЛ Скопје,** со седиште на ул. „Максим Горки" бр.31А-2, Скопје, претставувано од управителот **Тамара Јовановиќ-Нешовска,** од друга страна како дaвател на услуги.ж

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој договор се регулираат меѓусебните права и обврски на договорните страни.

**Член 2**

Договорните страни го склучуваат овој договор врз основа на РАМКОВНАТА СПОГОДБА ЗА УСЛУГИ ЗА ПРЕВЕДУВАЊЕ, ЛЕКТУРА, СТРУЧНА РЕДАКЦИЈА, ГРАФИЧКО, ТЕХНИЧКО УРЕДУВАЊЕ, ПЕЧАТЕЊЕ И ДИСТРИБУЦИЈА НА УЧЕБНИЦИ ЗА ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ДЕЛ 2 (за превод од македонски јазик на турски јазик на учебниците за основно и средно образование со лектура, стручна редакција, графичко и техничко уредување), со наш архивски број 10-7199/26 од 04.12.2019 година.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Предмет на овој договор е превод од македонски јазик на турски јазик на учебниците за основно образование со лектура, стручна редакција, графичко и техничко уредување, согласно список на учебници по наслов, автор/и, одделение, наставен јазик, број на страни, единечна цена на страна без вклучен ДДВ за превод од македонски на турски јазик на учебниците за основно образование со лектура, стручна редакција, графичко, техничко уредување на истите, вкупна вредност без вклучен ДДВ, вредност на ДДВ-то од 18% и вкупна вредност со вклучен ДДВ од 18% даден во Табелата во овој член и согласно електронската верзија на секој учебник кој е предмет на овој договор за превод, лектура, стручна редакција, графичко и техничко уредување даден во Прилог, кој е составен дел на овој договор.

| рб | наслов | автори | одд | наст авен јазик | број на страни | единечна цена за превод по страна без ДДВ | вкупна вредност за превод без ДДВ | ддв 18% | вкупна вредност на превод со ДДВ 18% |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Граѓанско образование | Билјана Шотаровска, Татјана Георгиевска | осмо | тур | 121 | 1.450,00 | 175.450,00 | 31.581,00 | 207.031,00 |
| 2 | Иновации | Радмил Поленаковиќ | девветто | тур | 114 | 1.450,00 | 165.300,00 | 29.754,00 | 195.054,00 |
| | | | | | | | **340.750,00** | **61.335,00** | **402.085,00** |
| | | | | | | | | **Вкупно:** | **402.085,00** |

## III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 4

Вкупната вредноста на овој договор изнесува **340.750,00** (тристачетириестилјади иседумстотиниипедесет) денари без ДДВ.

Висината на ДДВ-то изнесува 18% и е во висина **61.335,00** (шеесетиеднаилјадаитриста итриесетипет) денари.

Вкупната вредност на овој договор со ДДВ изнесува **402.085,00** (четиристотиниидве илјадииосумдесетипет) денари.

Единечна цена на една страница на учебник за превод од македонски јазик на турски јазик на учебниците за основно и средно образование со лектура, стручна редакција, графичко и техничко уредување изнесува 1.450,00 денари без вклучен ДДВ, ДДВ-то изнесува 261,00 денари и цената со вклучен ДДВ изнесува 1.711,00 денари.

Во единечната цена по страница е пресметана и цената на кориците

Една страница подразбира превод, лектура, стручна редакција, графичко, техничко уредување и подготовка на физичка страница од финална верзија на учебникот на македонски јазик даден на ЦД (електронска верзија) од страна на корисникот на услугата .

Кориците не се бројат како посебни страници.

## IV. ГАРАНЦИЈА

### Член 5

Давателот на услугата е должен во рок од пет работни дена по склучувањето на овој договор, да достави безусловна банкарска гаранција од банка која е прифатлива за корисникот на услугата во висина од 10% од утврдениот износ со вклучен ДДВ, и тоа како средство за обезбедување на корисникот на услугата дека давателот на услугата навремено, квалитетно и според условите од овој договор ќе изврши превод од македонски на турски јазик на учебниците за основно образование со лектура, стручна редакција, графичко, техничко уредување на истите, согласно Табелата од член 3 од овој договор и Прилогот кој е составен дел на овој договор.

Корисникот на услугата се обврзува на давателот на услугата да му ја врати банкарската гаранција во рок од 14 дена од денот на целосното реализирање на договорот склучен согласно овој договор.

Корисникот на услугата нема да ја врати банкарската гаранција од став 1 на овој член и ќе бара нејзино активирање од банката која ја има издадено, доколку предметот на овој договор не е реализиран според одредбите од овој договор или заради наплата на договорните казни предвидени во член 13 од овој договор, како и во случај на задоцнување или раскинување на овој договор.

По исклучок од став 3 на овој член, корисникот на услугата нема да бара активирање на банкарската гаранција од банката која ја има издадено доколку давателот на услугата поради

непредвидени околности (виша сила) не може да ја изврши услугата која што е предмет на овој договор, а во ваков случај давателот на услугата треба да достави писмено образложение до корисникот на услугата во кое ќе ги наведе причините за неизвршената услуга и кое треба да биде прифатено од страна на корисникот на услугата.

Секој учебник што е предмет на овој договор а кој не ги исполнува условите детално наведени во техничката спецификација содржана во тендерската документација нема да се прифати и корисникот на услугата го задржува правото за активирање на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на набавката во корист на корисникот на услугата.

**Член 6**

Корисникот на услугата има право, по сопствена оценка, да формира стручна Комисија за оценка на квалитетот на услугата составена од 3 (три) члена стручни лица.

Член во Комисијата од став 1 од овој член не може да биде преведувачот, стручниот редактор, лекторот, графичкиот или техничкиот уредник кој што работел на подготовката на изданието што е предмет на оценка.

Корисникот на услугата го задржува правото за активирање и наплата на банкарската гаранција доколку давателот на услугата одбие да изврши повторен превод, лектура, стручна редакција, графичко или техничко уредување за секој учебник кај кој Комисијата од став 1 од овој член констатира битни отстапувања од техничката спецификација содржана во тендерската документација, особено во поглед на квалитетот на преводот, лектурата, стручната редакција, графичкото или техничкото уредување на секој учебник кој што е предмет на овој договор.

## V. ОБВРСКИ НА ДАВАТЕЛОТ НА УСЛУГАТА

**Член 7**

Давателот на услугата ги има следните обврски:

- Да го преведе изворното значење на текстот, со тоа што целиот текст ќе биде функционализиран според важечката јазична норма;
- При превод да обезбеди совпаѓање на терминологијата од односната стручна област со доследна и прегледна примена во целокупниот текст на учебникот што е даден за преведување;
- При преводот да ги почитува правилата за оформување јасни реченици, начинот на пишување да е разбирлив, интерпункцијата правилна, правописот строго да се почитува, изборот на лексиката да биде соодветен, фразеолошките изрази да бидат точни и недвосмислени, во текстот потребно е зачувување на автентични или од страна на корисникот на услугата препорачани насоки за стилот за користење на соодветни јазични регистри и избор на точни јазични варијанти;
- Графички да го подготви преведениот учебник за печатење, притоа водејќи сметка дека треба да обезбеди висок степен на читливост, графичка и ликовна јасност;
- Во однос на техничката подготовка, кај преведениот учебник треба да се внимава на преломот на текстот, графичкото уредување и лектура на турски јазик, а стручната редакција треба да биде извршена од стручни лица од областа за која е наменет учебникот;
- Да обезбеди стручна редакција на секој учебник за соодветниот наставен предмет на турски јазик;
- Да гарантира целосно за квалитетот и исправноста на преводот, лектурата, стручната редакција, графичкото и техничкото уредување;
- Да изврши компјутерска обработка, ликовно и техничко уредување на секој учебник поединечно;
- Да изврши превод од одобрената оригинална верзија на учебникот која ќе му биде дадена од страна на корисникот на услугата;
- Големината на буквите на преводотда биде усогласена со оригиналната верзија на учебникот;
- Форматот на преведениот учебник да биде како оригиналната верзија на учебникот;

- Во финалната верзија на преведениот учебник да ги наведе следните податоци: име и презиме на лице/лица кое/кои го/ги вршеле преводот, лектура, стручна редакција, графичко и техничко уредување;

- Да достави 1 (еден) примерок на ЦД /ДВД преломен во ПДФ формат на финалната верзија на преведениот учебник, лекториран, стручно редактиран, графичко технички уреден погоден за печатење од секој учебник согласно списокот добиен од страна на корисникот на услугата.

## VI. ПРАВА И ОБВРСКИ НА КОРИСНИКОТ НА УСЛУГАТА

### Член 8

Корисникот на услугата има права и обврски да:

- изготви список на учебници по наслов, автор/и, одделение, наставен јазик, број на страни, единечна цена за превод од македонски на турски јазик на учебниците за основно образование со лектура, стручна редакција, графичко, техничко уредување на истите, вкупна вредност без вклучен ДДВ, вредност на ДДВ-то од 18% и вкупна вредност со вклучен ДДВ од 18% даден во Табелата од член 3 од овој договор.

- достави електронската верзија на секој учебник кој е предмет на трет договор за превод, лектура, стручна редакција, графичко и техничко уредување даден во Прилогот кој е составен дел на овој договор.

-врши ад-хок контроли на исполнување на условите од техничката спецификација во поглед на квалитетот на преводот со лектура, стручна редакција, графичко, техничко уредување на учебниците.

-ако утврди дека не е соодветен квалитетот на учебниците, согласно овој договор, има право да бара давателот на услугата да изврши повторен превод, лектура, стручна редакција, графичко, техничко уредување на учебниците на трошок на давателот на услугата.

- изврши исплата на средствата на давателот на услугата на начин и рок утврдени во член 11 од овој договор.

## VII. РОК НА ИСПОРАКА И КВАНТИТАТИВЕН ПРИЕМ

### Член 9

Давателот на услугата се обврзува да достави 1 (еден) примерок на ЦД /ДВД преломен во ПДФ формат на финалната верзија на преведениот учебник, лекториран, стручно редактиран, графичко технички уреден погоден за печатење од секој учебник согласно списокот добиен од страна на корисникот на услугата, во просториите на корисникот на услугата односно на овластените лица за прием кај корисникот на услугата во рок кој неможе да биде подолг од 30 дена од денот на склучување на договорот од двете договорни страни.

## VIII. КВАЛИТЕТ НА УСЛУГАТА

### Член 10

Квалитетот на услугата која се предмет на овој договор мора да одговара на стандардите од понудата, тендерската документација, овој договор и рамковната спогодба.

Давателот на услугата при доставување на 1 (еден) примерок на ЦД/ДВД преломен во ПДФ формат на финалната верзија на преведениот учебник, лекториран, стручно редактиран, графичко технички уреден погоден за печатење од секој учебник согласно списокот добиен од страна на корисникот на услугата, потпишува и Изјава со која под полна морална материјална и кривична одговорност изјавува дека извршената услуга е во согласност со стандардите од понудата, тендерската документација, овој договор и рамковната спогодба.

## IX. РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 11**

Корисникот на услугата се обврзува плаќањето да го изврши во рок од 45 дена од приемот на комплетната документација и тоа:

-записник за примопредавање на финалната верзија на 1 (еден) примерок на ЦД /ДВД преломен во ПДФ формат на финалната верзија на преведениот учебник, лекториран, стручно редактиран, графичко технички уреден погоден за печатење од секој учебник согласно списокот добиен од страна на корисникот на услугата;

-финалната верзија на 1 (еден) примерок на ЦД /ДВД преломен во ПДФ формат на преведениот учебник, лекториран, стручно редактиран, графичко технички уреден погоден за печатење од секој учебник согласно списокот добиен од страна на корисникот на услугата;

- изјава со која под полна морална материјална и кривична одговорност изјавува дека извршената услуг а е во согласност со стандардите од понудата, тендерската документација, овој договор и рамковната спогодба;

-фактура за извршената услуга.

Со горенаведената документација се потврдува реализацијата на обврските од овој договор.

Корисникот на услугата и давателот на услугата се согласни да нема корекција на поединечните цени, односно цените искажани во понудата на давателот на услугата, односно цените ќе бидат фиксни за целото времетраење на овој договор и рамковната спогодба.

**Член 12**

Сите трошоци кои ќе произлезат во врска со извршување на обврските на давателот на услугата кои произлегуваат од реализација на предметната набавка, а кои се однесуваат на одредени административни такси или надоместоци спрема трети лица ќе бидат на товар на давателот на услугата.

Корисникот на услугата нема обврски да ги плаќа патните и другите трошоци на давателот на услугата кои ќе произлезат од извршувањето на обврските предмет на овој договор.

Давателот на услугата ќе го извести корисникот на услугата навремено за обврската на плаќањето, при што нема да се дозволи евентуалното доцнење со плаќањето на овие обврски да влијае на навременото реализирање на сите задачи.

## X. ДОГОВОРНА КАЗНА

**Член 13**

Доколку давателот на услугата задоцни со извршување на услугите од овој договор, онака како што е договорено или утврдено според рокот во овој договор, во таков случај давателот на услугата се обврзува да му плати на корисникот на услугата договорна казна за секој ден задоцнување по 1 (еден) промил од износот на вредноста на овој договор.

Во случај на раскинување на овој договор согласно член 19 став 4 од овој договор, давателот на услугата се обврзува да му плати на корисникот на услугата казна во висина од 30% од износот на вредноста на овој договор.

**Член 14**

Како вредност согласно член 13 став 2 од овој договор ќе се смета вкупната вредност на овој договор со пресметан ДДВ согласно член 4 став 3 од овој договор.

**Член 15**

Доколку корисникот на услугата претрпел штета која го надминува износот на договорната казна, давателот на услугата ќе исплати разлика до целосниот надомест на штета.

## XI. ВИША СИЛА

**Член 16**

Корисникот на услугата и давателот на услугата се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губитокот, повредата или неизвршувањето на одредбите на овој договор кои се предизвикани од виша сила дефинирана со закон.

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, но не подоцна од 24 часа од настанувањето на виша сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот може да се реализира, по потреба, со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## XII. РОК НА ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ И УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 17**

Овој договор се смета за склучен со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

**Член 18**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине овој договор а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 19**

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, мора да й остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

За доцнење со извршувањето на обврските согласно овој договор, давателот на услугата е должен на корисникот на услугата да му плати договорна казна за секој ден задоцнување по 1 (еден) промил од износот на вредноста на овој договор.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

Во случај на раскинување на овој договор по вина на давателот на услугата, истиот е должен на корисникот на услугата да му плати договорна казна во висина од 30% од износот на вредноста на овој договор.

Како вредност на овој договор согласно овој член ќе се смета вкупната вредност на овој договор со пресметан ДДВ утврдена во член 4 став 3 од овој договор.

**Член 20**

Ако по склучувањето на овој договор настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на овој договор, во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било неправедливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Раскинување на договорот не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.

Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.

Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

Ако изрече раскинување на договорот судот, на барање од другата страна, ќе ја обврзе страната што го барала да и надомести на другата страна справедлив дел од штетата што ја трпи поради тоа.

**Член 21**

Страната што е овластена да бара раскинување на договорот поради променетите околности, должна е за својата намера да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го стори одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето не и било соопштено на време.

## XIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 22**

За се што не е опфатено со овој договор соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

**Член 23**

Измени и дополни на овој договор може да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од овластените претставници на договорените страни.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот само во согласност со одредбите на Законот за јавните набавки, рамковната спогодба и тендерската документација.

**Член 24**

Во случај на спор до кој може да дојде во врска со толкувањето и извршувањето на овој договор, договорните страни ќе настојуваат спорот да го решат спогодбено.

Ако спорот не се реши спогодбено, спорот ќе го решава Основен суд Скопје 2 во Скопје.

**Член 25**

Овој договор е составен на 7 (седум) страници, во 6 (шест) еднообразни примероци од кои по 3 (три) примероци добиваат двете договорни страни.

Прилог: електронската верзија на секој учебник кој е предмет на трет договор за превод, лектура, стручна редакција, графичко и техничко уредување.

**Корисник на услугата,**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**МИНИСТЕРКА,**
**Мила Царовска**

**Давател на услугата,**
**Друштво за образование на деца и возрасни**
**АРС СТУДИО Тамара ДООЕЛ Скопје**

**УПРАВИТЕЛ,**
**Тамара Јовановиќ-Пешовска**

Изготвил од правен аспект: Мустафа Муслију
Проверил од правен аспект:Милка Масникоса
Контролирал:Хикмете Сељмани
Одобрил: м-р Вангелија Велева